ПРОМЕНА, НЕ ЗАМЕНА!

# ИЗБОРНА ПРОГРАМА

## ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017




ЗА ОПШТИНА

# БИТОЛА

ЛЕВИЦА

# СТОП НА КОРУПЦИЈАТА

16

## 1. Нулта толеранција

- Кон изигрувањe на законите и злоупотреба на моќта и надлежностите на општинските функционери при располагање со општинските пари, при склучување тендери, при промена на урбанистичките планови и слично.

## 2. Периодично издавање на финансиски извештај, еднаш на 6 месеци, за трошење на јавните средства

- Објавување на сите набавки на веб страната на општината.

## 3. Намалување на бројот на членови (таму каде што бројот е голем) во управните одбори и нивна професионализација

## 4. Намалување на високите хонорари на членовите на управните одбори на ниво од дневница на просечна плата

# II

# РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА КАКО ПРИОРИТЕТ

1. **Департизација на работните места под општинска надлежност**

- Да бидат вработувани оние кои се најсоодветни во одредената област и со конкурси.

2. **Почитување на работничките права на вработените во општинската администрација и во институциите под надлежност на локалната самоуправа**

3. **Отворање канцеларија за бесплатна правна помош за загрозени категории на граѓани**

4. **Непречено функционирање на синдикатот во општинската администрација**

III

# ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

## 1. Формирање јавно сообраќајно претпријатие под надлежност на општина Битола

- Оваа мерка опфаќа повеќе делови. Таа е истовремено еколошка, сообраќајна и социјална. Вака организиран јавен превоз би поттикнал намалено користење на возилата и намалување на емисијата на штетни гасови. Оваа мерка истовремено би го намалила сообраќајниот метеж, би донела поевтин и поквалитетен превоз, а би отворила и работни места;
- За оваа мерка општина Битола би набавила тролејбуси, како најеколошко превозно средство;
- Јавното претпријатие би имало и редовни меѓуградски и приградски автобуски линии;

# IV
# ТОПЛИФИКАЦИЈА И ГАСИФИКАЦИЈА

## 1. Формирање јавно претпријатие за гас под надлежност на општина Битола

- Современите искуства на светско ниво покажуваат дека трендовите од деведесеттите, за приватизација на јавните претпријатија бидејќи државата била „лош стопанственик“, донеле поскапа и понеквалитетна услуга, па мислиме дека еден ваков монопол мора да биде во јавна сопственост. Тоа ќе овозможи поевтина и поквалитетна услуга. Оваа мерка не е само инфраструктурна туку и еколошка. Гасификацијата би стимулирала користење гас наместо електрична енергија, со што би се намалила потребата за електрична енергија, а со тоа и производството. Вака индиректно би влијаеле врз намалување на загадувањето од РЕК Битола.

## 2. Формирање јавно претпријатие за централно греење - „Топлификација“

- Ова би значело и рестартирање на постоечките котларници и нивно приспособување за горење на гас, но и изградба на нови котларници и целосна инфраструктура. Оваа мерка е инфраструктурна, но би придонела, во голема мера, за отворање на нови работни места и за заштита на животната средина, односно, би стимулирала намалено греење со дрва со што би се намалила емисијата на ПМ10 и ПМ2,5 честички.

# V
# СТОП НА ЗАГАДУВАЊЕТО

## 1. Промовирање на велосипедска култура

- Локации за вело-паркинзи во централното градско подрачје;
- Набавка на велосипеди за изнајмување на дневна база, со симболична цена;
- Субвенции за купување на сопствен велосипед;
- Изградба на велосипедски патеки низ градот и кон околните села;

## 2. Поставување сончеви колектори за уличното осветлување

## 3. Прочистување на коритото на реката Драгор и уредување на кејот со пешачка патека

## 4. Спречување на понатамошно приватизирање на просторите на војската и правење паркови на таа територија

## 5. Зголемување на бројот на зелени површини низ градот

## 6. Враќање на магнолиите на плоштад „Магнолија“

## 7. Спречување на нелегалната сеча во Националниот парк „Пелистер“, на цела Баба Планина, во градскиот парк и на Тумбе кафе

## 8. Укинување на наплатата за влез во Националниот парк „Пелистер“

## 9. Оформување погони за рециклирање на електронски отпад, стакло и пластика во рамки на ЈП „Комуналец“

- Собирачите на шишиња да се вработат како такви во ЈП „Комуналец“, со тоа што предност ќе имаат социјално загрозените граѓани.

## 10. Прогласување делови од централното градско подрачје за пешачки зони и зони 30

# VI
# СТОП НА НЕХУМАНИОТ ТРЕТМАН НА БЕЗДОМНИТЕ ЖИВОТНИ

1. Доследно спроведување на програмата Залови-Стерилизирај-Вакцинирај-Врати

2. Граѓанските здруженија за заштита на животните да се вклучат во системот за заштита со цел да помогнат околу уличните животни за вакцинација од беснило, стерилизација и сл.

3. Да се обезбеди простор (стационар) за згрижување на помалите животни

4. Одвојување средства од буџетот на општина Битола за подобрување на условите за згрижување на животните и реконструкција на Зоолошката градина

5. Нетолеранција за убивање бездомни животни како решение на проблемот

# VII
# КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ КОИ ЕМАНЦИПИРААТ

## 1. Отворање градско кино покрај тоа во Домот на културата, со алтернативна, детска и редовна програма

- Предлог - реконструкција на еден од постоечките јавни објекти во општинска сопственост, на пример стариот ресторан „Парк“.

## 2. Отворање детски театар

- Предлог - реконструкција на еден од постоечките јавни објекти во општинска сопственост.

## 3. Реконструкција на Офицерскиот дом и ставање во функција на граѓаните како алтернативен културно-социјален центар

- Отворен простор за организирање настани од страна на граѓаните

## 4. Мерки за културна надоградба на учениците во основните и во средните училишта

- Задолжителна посета на театарски претстави на секој ученик, финансирана од општина Битола;
- Задолжителна посета на кино проекции на секој ученик, финансирана од општина Битола;
- Задолжителна посета на ликовни и на музички настани;
- Субвенционирање на значително поевтини карти за ученици за театарки претстави и кино проекции.

## 5. Простор за рекреација на повозрасните граѓани (како сега веќе затворениот клуб на Широк Сокак)

## 6. Отворање авангарден музички клуб во чии рамки би имало музички вежбални

7. Во недела бесплатен автобус за пензионерите до Пелистер, а за работници цена определена во зависност од примањата

8. Обезбедување простор за невладините организации кои не располагаат со свои простории

9. Заживување на Советот на млади при општина Битола

10. Школи за филм, мултимедија, естетика, филозофија, психологија и друго во просториите на старата општина (како работнички универзитет)

11. Бесплатна читална за студенти

12. Во основните и во средните училишта да се стават во функција кабинетите по хемија, физика, биологија, т.е. да се снабдат со надгледни средства, препарати итн.

13. Организирање на кујни за исхрана во основните училишта со кои ќе стопанисува општина Битола

14. Доследна примена на моделот за униформи во училиштата

15. Оформување на општинско тело задолжено за комуникација и советување со просветниот кадар

16. Враќање во функција на секциите при основните училишта

17. Доопремување на „Народна техника“ и нејзино поврзување со образовниот систем

18. Организирање на бесплатни програми за спортска рекреација на децата во рамките на спортската сала „Младост“

19. Прогласување на манифестацијата „Мал битолски Монмартр“ за манифестација од особен интерес за општина Битола и донесување одлука за задолжително буџетско финансирање од буџетот на општина Битола

20. Залагање на Општина Битола за целосно организирање на ИФФК „Браќа Манаки“ од страна на Општина Битола

21. Отворање на општинска книжарница, со цел стимулирање на навиката за читање кај најмладите жители

22. Изнаоѓање начин за поевтинување на цените за автошколите преку соработка со АМСМ или основање на општинска автошкола

# VIII
# ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ

1. **Уредување на автобуските постојки**

2. **Ревитализација на мостовите на реката Драгор, кои се пред распаѓање**

3. **Подвозникот кај Безистенот да се среди и повторно да се користи како пешачки премин**

4. **Итно завршување на проектот за поврзување на Битола и Грција со железничка пруга**

5. **Изградба на затворен базен во Битола**

6. **Враќање на олимпискиот базен под надлежност на општината и негова реконструкција**

7. **Реконструкција на старата фонтаната кај НУ „Завод и Музеј - Битола“**

- Враќање на оригиналниот проект

8. **Атлетска тартан-патека на стадион**

9. **Пренамена на запуштени објекти**

10. **Средување на периферните населби**

11. **Средување на населбата Баир**

- Градење бараки, сала за забави, канализација и атмосферска канализација

## 12. Реконструкција на детското одморалиште „Пелистер“ и на планинарскиот дом „Копанки“

## 13. Социјални станови кои ќе ги добиваат социјално најзагрозените луѓе

## 14. Отворање општинска народна кујна

## 15. Отворање јавно претпријатие за подготовка на оброци

- Кое ќе ги снабдува училишните кујни и народната кујна, со можност да подготвува храна и за мензите при останатите претпријатија.

## 16. Отворање јавен сервис за хигиена, како јавна перална

## 17. Враќање на јавните паркинзи во склоп на општината

## 18. Овозможување бесплатен паркинг на граѓаните кои живеат на места кои се наплаќа

## 19. Реконструкција на патот по бензиската „Лукоил“, до клучката на излезот за Скопје, и осветлување на истиот

## 20. Поправање на историската неправда - уништување на дел од паркот кај градскиот часовник

- Дислоцирање на споменикот на Филип II;
- Засадување на зелена површина.

## 21. Отворање на подружници на противпожарната единица на повеќе локации, за зголемување на безбедноста и ефикасноста на ПП единици

- За ова би се набавил дополнителен број на противпожарни возила.

## 22. Адаптација на институциите на општината за да им се овозможи пристап на лицата со хендикеп

23. Воведување целосна сигнализација во сообраќајот за лица со инвалидитет, како и адаптација на постојните тротоари и пешачки патеки

24. Реконструкција на постоечките јавни тоалети и изградба на нови

# IX
# ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

## 1. Реактивирање на месните заедници

- Отворање на пензионерски и младински клубови/друштва, во рамките на месните заедници.

## 2. Залагање на општината да се направат законски измени со кои бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на два

## 3. Залагање на општината да се направат законски измени со кои ќе се ослободат инструментите за непосредна демократија во локалната самоуправа

- Намалување на потребниот процент граѓани кои можат да бараат распишување на локален референдум од 20 на 10%;

- намалување на потребниот процент граѓани кои можат да поттикнат свикување на собир на граѓани на локално ниво или да организираат граѓанска иницијатива на локално ниво, од 10 на 5%.




ЗА ОПШТИНА

# БИТОЛА

ЛЕВИЦА

## ПРОМЕНА, НЕ ЗАМЕНА!

Целосната верзија на Изборната програма на Левица може да ја видите на веб страницата на партијата: www.levica.mk

levica.mk LevicaPartija @levica_mk levica mk levica.mk